# Број 15
# 30.11.2023 година

Службен гласник на општина Делчево
Излегува по потреба

Уредува
Одделение за правни и општи
работи

НОЕМВРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 30.11.2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ
За објавување на акти од 29.седница
на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите донесени на 29.седница која се одржа на 29.11.2023 година и тоа:

1. **План** на програмата за развој на Општина Делчево за 2024 година;
2. **Заклучок** за усвојување na Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2023-30.09.2023;
3. **Заклучок** за усвојување na Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-30.09.2023;
4. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за задолжување кај деловните комерцијални банки со одобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари:
5. **Заклучок** за усвојување на Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година;
6. **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година;
7. **Одлука** за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево;
8.**Одлука** за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“;
9. **Одлука** за определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во с. Трабутивиште;
10. **Одлука** за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево;
11.**Одлука** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08-          /1
30.11.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски

1. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21-б став 2 од Законот за буџетите-Пречистен текст („Службен весник на РМ“. бр.64/05, (Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11и 171/12), Советот на општина Делчево, на својата 29.редовна седница, одржана на ден 29.11. 2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Предлог-Планот**
**на програмата за равој на општина Делчево за 2024**

1.Се усвојува Предлог-Планот на програмата за развој на општина Делчево за 2024 и тоа:

Изградба на детска градинка во општина Делчево
- Проширување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во Општината.

2.Одобрениот план на програмите за развој ќе биде составен дел на Буџетот на општина Делчево за 2024 година.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 2353 /1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.11. 2023 год.** | **Претседател,**
**Д е л ч е в о** | **Гоце Попов, с.р.**

2. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 29. редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2023 до 30.09.2023**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2023 до 30.09.2023.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2354/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.11.2023 год.** | **Претседател,**
**Д е л ч е в о** | **Гоце Попов,с.р.**

3. Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 29.редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Деветмесечниот извештај за
финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево
за период 01.01.2023 -30.09.2023

1.Се усвојува Деветмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2023 - 30.09.2023 година, број 0102-361/1 од 02.11.2023 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Одлука број 0202-367/2 од 06.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-2355 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.11. 2023 година — Претседател,
Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

4.Врз основа на, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а согласно член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ бр.38/96......64/18), Советот на Општина Делчево, на својата 29.редовна седница, одржана на 29.11.2023 година, донесе

ОДЛУКА
За давање согласност на Одлуката за задолжување
кај деловните комерцијални банки соодобрен износ на дозволено пречекорување
во висина од 2.000.000, 00 денари

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката за задолжување кај деловните комерцијални банки соодобрен износ на дозволено пречекорување во висина од 2.000.000, 00 денари, бр.0202-337/2 од 09.10.2023 година, донесена од страна на Управниот одбор.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09-2356/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.11.2023 — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с.р.

**5.** Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 29. редовна седница, одржана на ден 29.11.2023 година , донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Измена на Годишен план за вработување
на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година

1. Се усвојува Измената на Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2023 година бр.0403-394/1 од 22.11.2023 година, со бришење на работно место со реден бр.10 и работно место со реден бр.11 од Дел 3-Планирани вработувања во следната година, страна 7, Табела број 6.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2357 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.11.2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов

6. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 29.седница одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година

I. Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 г бр. 09-2706/1 од 26.12.2022 година се врши следната дополна:

Во Глава Б ( Урбанистички проекти ) во точка 7 ( Донесување – одобрувае на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од законот за Урбанистичко планирање ) после подточката 7.29 се додава нова подточка :

- Подточка 7,30 која гласи : Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање со 10 (20)кВ кабел, делница од ТС 10/0,4 КВ Остоиќ на КП бр.2318/2 КО Делчево до столб бр 8251 3420 (влез на село Габрово) Општина Делчево.

II. Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

Број 09 – 2358/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.11.2023 год. Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

7.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 96 став 2 од Законот за водите („Сл.весник на РМ“ бр.87/2008, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16, 151/21, 99/22) , Советот на Општина Делчево, на својата 29.седница, одржана на ден 29.11.2023 година,донесе

ОДЛУКА

**За утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од определување на границите на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за конзумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево.

Член 2

Границите на заштитните зони за водни тела наменети за конзумирање од страна на човекот ги определува Владата на РСМ на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Се задолжува ЕЛС-Делчево да достави **Елаборат** за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево, како и **Барање** до Министерството за здравство на РСМ кое согласно законот е надлежно за започнување на постапката за определување на заштитни зони околу водните тела наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2359/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.11.2023** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

8.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 96 став 2 од Законот за водите („Сл.весник на РМ“ бр.87/2008, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16, 151/21, 99/22) , Советот на Општина Делчево, на својата 29.седница, одржана на ден 29.11.2023 година, донесе

ОДЛУКА

**За утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од определување на границите на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за конзумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“.

Член 2

Границите на заштитните зони за водни тела наменети за конзумирање од страна на човекот ги определува Владата на РСМ на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Се задолжува ЕЛС-Делчево да достави **Елаборат** за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од човекот за акумулација Лошана, како и **Барање** до Министерството за здравство на РСМ кое согласно законот е надлежно за започнување на постапката за определување на заштитни зони околу водните тела наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација Лошана.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2360/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.11.2023** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

9.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 96 став 2 од Законот за водите („Сл.весник на РМ“ бр.87/2008, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16, 151/21, 99/22) , Советот на Општина Делчево, на својата 29.седница, одржана на ден 29.11.2023 година,донесе

**ОДЛУКА**

**За утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во с.Тработивиште**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од определување на границите на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за конзумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево.

Член 2

Границите на заштитните зони за водни тела наменети за конзумирање од страна на човекот ги определува Владата на РСМ на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Се задолжува ЕЛС-Делчево да достави **Елаборат** за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од човекот околу експлоатациони бунари на локација во Делчево, како и **Барање** до Министерството за здравство на РСМ кое согласно законот е надлежно за започнување на постапката за определување на заштитни зони околу водните тела наменети за консумирање од страна на човекот околу експлоатациони бунари на локација во с.Тработивиште.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2361/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.11.2023** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 11 став 1 алинеа 4, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Делчево, на својата 29. редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево

Член 1

За остварување на дејноста на социјалната заштита во Општина Делчево и развивање на локални мерки и активности за социјална заштита согласно Законот за социјалната заштита, се формира Совет за социјална заштита на Општина Делчево.

Член 2

Советот за социјална заштита на Општина Делчево се формира во следниот состав:

- ***Сузана Петровска***, претставник на Општина Делчево,
- ***Марија Аџиска***, претставник на ОВР Делчево, ПС- ОН Делчево,
- ***Кристина Аралампиевска***, претставник на Основно јавно обвинителство Делчево,
- ***Спец***. ***Др Љупка Калаџиска*** , претставник на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево,
- ***Влатко Митев*** , претставник на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево
- ***Сања Костадиновска*** претставник на Центар за вработување Делчево,
- ***Весна Димитровска***, претставник на СОУ „М.М.Брицо„ Делчево,
- ***Маријана Стоименовска***, претставник на ООУ „Ванчо Прке„ Делчево,
- ***Верица Боинска***, претставник на ООУ „Св.Климент Охридски„ Делчево,
- ***Билјана Ѓоргиевска***, претставник на Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Делчево,
- ***Александар Николов***, претставник на ЗГ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА„ Делчево,
- ***Санела Момчилов***, претставник на НВО КХАМ Делчево,
- ***Бети Толевска*** , претставник на Организација ЖЕНА Делчево,
- **Презвитер Милан Ничевски**, претставник на Делчевско – Каменичка епархија
- **Оџа** ***Сефадин Селимовски***, претставник на Исламска Верска Заедница Џамија „Фатих Мехмед II„ Делчево.

Член 3

Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги има следните надлежности:

- изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој план Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ,
- предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

Член 4

Мандатот на члeновите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години сметано од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09-2362/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.11.2023 г.
Делчево Претседател

Гоце Попов,с.р.

**11.** Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите 9„Сл.весник на РМ" бр.64?2005, 04/2008, 103/2008, 159/2009, 95/2010, 180/11, 171/12 и 167/16 и „Службен весник на РСМ" бр.15/21), Советот на Општина Делчево на 29.седница, одржана на 29.11.2023 година, донесе

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средствата
на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | | |
| 401130 Основни плати-други вработени | 0 | 0 | -90.000 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -90.000 | 0 | 0 |

Број 09-2363/1
29.11.2023
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.